РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ
ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 03-13/2
15.01. 2019 год.
СКОПЈЕ

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 09-79/1
15.01 2019 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

**Комисија за хартии од вредност**
**на Република Македонија**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Скопје,**
**15.1.2019 година**

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**помеѓу:**

**Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 12, во Скопје, претставувана од Директор/судија Проф.Д-р Наташа ГАБЕР ДАМЈАНОВСКА.

**Комисијата за хартии од вредност на РМ**, со адреса на ул. "Македонија" бр.25 "Палата Лазар Поп Трајков" во Скопје, претставувана од Претседателот, М-р Нора АЛИТИ.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Комисијата за хартии од редност на РМ (во натамошниот текст „потписници“), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на правосудството во насока на оставарување на заложбите за континуирано подобрување на инвестициската клима во РМ, практицирање на добро корпоративно управување, неприкосновената заштита на инвеститорите и акционерите, спречување на нечесни и незаконски дејства на пазарот на капитал - преку развивање соработка на полето на континуирана едукација и друга меѓусебна соработка, се договорија за следното:

**Член 1**

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Комисијата за хартии од вредност на РМ.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во делот на законските надлежности на двете институции, на следниот начин:

- Академијата и Комисијата ќе соработуваат и заедно ќе учествуваат во подготовка и имплементација на апликативни и други проекти од заеднички интерес. Заедничкиот интерес поптписниците го утврдуваат на заеднички состанок. Поединечниот интерес од било која страна (страна–иницијатор) исто така се разгледува на заеднички состанок на кој се проценува можноста, начинот и роковите за реализација на поединечниот интерес од другата страна.

- Комисијата ќе доставува информации до Академијата за своите активности, публикации и истражувања на темите и областите на кои работи, а се од интерес на Академијата.

- Академијата ќе доставува информации до Комисијата за своите активности, публикации и истражувања на темите на кои работи, а се од интерес на Комисијата.

- Комисијата ќе обезбеди можности за слушателите на почетните обуки и континуираните обуки на Академијата кои имаат интерес да се запознаат со начинот на функционирање на пазарот на капитал во РМ преку посета на субјекти од пазарот на капитал и со предавање на обуките од предавачи номинирани од Комисијата.

- Комисијата за слушателите на обуките на Академијата ќе организира во соработка со Академијата одржување на заеднички семинари, работилници, тркалезни маси, советувања и слични настани за теми од областа на пазарот на капитал и други сродни теми од заеднички интерес

- Комисијата за потребите и на барање на Академијата во Каталозите на обуките организирани од страна на Академијата ќе предлага теми од областа на пазарот на капитал и ќе определува свои предавачи.

- Академијата за потребите и на барање на Комисијата во програмите за обуките организирани од страна на Комисијата ќе предлага теми од областа на правосудство поврзани со пазарот на капитал и ќе определува свои предавачи.

- На слушателите на обуките на Академијата, Комисијата ќе им овозможи користење на правната литература и публикациите кои се дел од својата библиотека.

- Академијата ќе ги промовира капацитетите на Комисијата во областите каде што Комисијата има експертиза помеѓу слушателите на почетните обуки, посетителите на континуирана обука, како и учесниците на останатите обуки кои ги организира Академијата и ќе овозможи претставници од Комисијата да обезбедуваат предавања/обуки за истите во рамки на настани организирани од Академијата.

- Комисијата ќе ги промовира капацитетите на Академијата во областите каде што Академијата има експертиза помеѓу слушателите на обуките кои ги организира Комисијата и ќе овозможи претставници од Академијата да обезбедуваат предавања/обуки за истите во рамки на настани организирани од Комисијата.

- Соработка во организација и учество на настани за промоција на Академијата и Комисијата и презентација на судиската и јавнообвинителската професија пред публика/слушатели определена/и од страна на Комисијта.
- Соработка во организација и учество на настани за промоција на Комисијата и презентација на законските функции и стварната надлежност на Комисијата пред публика/слушатели определена/и од страна на Академијата.

- Овозможување на соработка помеѓу потписниците при симулацијата на судски процеси, за реализација на практични обуки за слушателите на почетна и континуирана обука.

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа се предвидува користење на просторните капацитети и техничките ресурси на потписниците.

**Член 4**

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со ad-hoc активности, како и преку подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои можат да се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

**Член 5**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 6**

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ја известила другата страна за раскинувањето доколку:

- другата страна не ги почитува обврските зацртани во овој меморандум.

**Член 7**

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години. По истекот на овој период неговото важење автоматски ќе

се продолжи за нареден период од три години, освен во случај еден од потписниците да го раскине овој Меморандум, но не подоцна од три месеци пред истекот на рокот на неговото важење.

Потпишан во Скопје 15.1.2019 година

| | |
|---|---|
| **Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“** | **Комисија за хартии од вредност на Република Македонија** |
| **Директор,** | **Претседател,** |
| **Проф.Д-р.Наташа Габер Дамјановска** | **М-р Нора Алити** |